**<u>Образец бр.1</u>**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог на Закон за измена и дополнување на Законот за електронска трговија |
| Министерство: | Министерство за економија |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Билјана Д.Стојановска, Државен советник<br>Илир Шабани , пом. раководител на Сектор за меѓународна трговска соработка<br>т. 3093-491;<br>3093-506 моб. 075/383 691<br>e- mail Biljana.d.stojanovska@economy.gov.mk<br>ilir.sabani@economy.gov.mk |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | Март 2010 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви | Целосно усогласување со Директивата 2000/31/ЕЗ |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

<u>А. Почетна проценка на влијанието на регулативата</u>

1. Кои се главните проблеми?

Како резултат на активностите спроведени во рамки на **меѓусекторската работна група за унапредување на електронска трговија,** забелешките од одржаниот петти состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика на 21-23 јаунари 2009 година и препораките од педесет и втората седница на Владата на Република Македонија одржана на 17.02.2009 година за реализација на обврските од одржаниот Поткомитет, произлезе обврска за изменување и дополнување на Законот за електронска трговија (Службен весник на РМ 133/07).

Во меѓусекторската работна група за унапредување на електронската трговија членуват претставници од: Министерство за финансии, Министерство за економија, Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Министертсво за информатичко општество, министерство за транспорт и врски, Народна банка на РМ, Управа за јавни приходи, Царинска управа, Секретаријат за европски прашања, бизнис заедницата и здружението на банки.

Активностите на меѓусекторската работна група беа концепирани според потенцијалните проблеми и предлог решенија при што се утврди потреба од измени и дополнувања на Законот за електронска трговија.

Предлог измените ги опфаќаат обврските кои се однесуваат на информирањето и меѓусебната соработка со земјите членки на Европската унија и со Европската комисија во областа на електронската трговија. Со предлог измените во Законот за електронска трговија  ќе се регулира обврската за воспоставување на контакт точки за е-трговија, со што законски ќе се регулира препораката од ЕК на оддржаниот состанок на Поткомитетот.

2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

Со измена на постоечките одредби на Законот за електронска трговија и со дополнување на Законот со нови одредби ќе се овозможи целосно усогласување со директивата на Европската унија за електронската трговија.

3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

Соодветните органи на управа вклучени во активностите на работната група за унапредување на електронската трговија и физички и правни лица кои се даватели и корисници на услуги на информатичко оштество и.

Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

   - Директивата на ЕУ 2000/31/ЕЗ, искуствата на земјите од регионот и на земјите членки на ЕУ (Хрватска, Словенија).

2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

   - Податоци од надлежност на ресорните министерства кои задираат во предметната проблематика, се со цел донесување на закон кој нема да биде во колизија со позитивната регулатива во нашата земја.

3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?

   - Иницијална

4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

- Во рамки на Министерството за информатичко општество формирана е работна група од претставници на Министерство за финансии, Министерство за економија, Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Министертсво за информатичко општество, министерство за транспорт и врски, Народна банка на РМ, Управа за јавни приходи, Царинска управа, Секретаријат за европски прашања, бизнис заедницата и здружението на банки.

| **Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси**<br>(забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија) |
|---|

В. Временска рамка

1. Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?

- Октомври 2009 година.

2. Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?

- Не е предвидено вклучување на надворешни консултанти.

3. Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?

- Ноември 2009 година.

Г. Ресурси

1. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот ?
   - Планирани човечки ресурси: учество на претставници на Министерство за финансии, Министерство за економија, Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Министертсво за информатичко општество, министерство за транспорт и врски, Управа за јавни приходи, Царинска управа, Секретаријат за европски прашања, во рамки на нивните редовни активности